**Образец бр. 2**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Постои делумна усогласеност со Директивата 2000/31/ЕЗ на Европскиот паламент и на Советот од 08.06.2000 за одредени правни аспекти на услугите на информатичко општество, во делот на електронската трговија. Неусогласеноста се однесува на одредбите со кои се регулира обврската за соработка и обврската за информирање со останатите земји членки и со Европската комисија.
Со предложениот Закон за измена и дополнување на Законот за електронска трговија ќе се овозможи целосно усогласување со Директивата на ЕУ 2000/31/ЕЗ. Истовремено ќе се отстранат деловите од одредбите на Законот на електронска трговија кои не се во согласност со Директивата и се предмет на забелешка од страна на Европската комисија.
Предложените решенија се во насока на унапредување на електронската трговија и поголемо вклучување на деловната заедница во активностите за унапредување преку можноста за воспоставување контакт точки и размена на информации.
Во постојниот Законот за електронска трговија во делот на прекршочните одредби не постои класификација на прекршоците согласно со тежината на прекршоците. Со предложената измена се врши нивно рангирање и соодветно определување на висината на глобите во соодветен распон.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Како главна цел на предложениот Закон за измена и дополнување на Законот за електронска трговија е да се изврши целосно усогласување со Директивата 2000/31/ЕЗ и да се овозможи унапредување на електронската трговија во пракса.
Во Предлог законот се предвидува можност за определување контакт точки за добивање на барани информации во врска со праксата од областа на електронската трговија и размена на информации со останатите земји членки.
Истовремено ќе се овозможи усогласување со забелешките на Европската комисија во делот на дефинициите и достапност на информациите.
Предложените измени на Законот за електронска трговија во делот на прекршочните одредби ќе овозможат рангирање на прекршоците и утврдување на висината на казните согласно со класификацијата на прекршоците.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Опција 1: Да не се прави ништо

Нереализирање на обврските превземни од одржаниот Поткомитет за информатичко оштество и социјална политика и помала правна сигурност во областа на електронската трговија.

Опцијата да не се изврши измена на Законот за електронска трговија би значела оневозможување на натамошниот развој на електронската трговија во земјата што понатаму би имало влијание на економскиот раст и развој на земјата.

Опција 2: Потполно усогласување со директивата 2000/31/ЕЗ, допрецизирање на регулативата во областа на електронската трговија и унапредување на казнената политика во оваа област што понатаму ќе овозможи услови за зголемен развој на електронската трговија во пракса.

Со оваа опција за донесување на Закон за измена и дополнување на законот за електронска трговија се овозможува реализација на активностите предвидени во Националната програма на Република Македонија за усогласување со законодавството на ЕУ, унапредување на електронската трговија во пракса и унапредување на казнената политика.
Со предложените измени и дополнувања на Законот за електронска трговија ќе се овозможи.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

Со носење на предложениот Закон за измена и дополнување на Законот за електронска трговија (опција 2) не се предизвикуваат дополнителни трошоци за физичките и правни лица како даватели и корисници на услуги на информатичко општество. Придобивки од предложениот закон се во тоа што со закон се регулира обврската за определување на една или повеќе контакт точки за прашања од областа на електронската трговија. Со тоа ќе се спроведат активностите утврдени во Националната програма за усогласување со закондавството на ЕУ и ќе се изврши усогласување со забелешките на ЕК.
Влијанието на предложените решенија е во однос на унапредување на електронскта трговија во пракса, обезбедување на поголема правна сигурност во областа на електронската трговија и во можноста да се поттикне создавањето и примената на кодекси на добра пракса во оваа област.
Предложените измени во делот на прекршочните одредби ќе овозможат рангирање на прекршоците врз основа на процена на нивната тежина. Со ова ќе се изврши соодветна класификација на прекршоците и намалување на казните за прекршоците кои се проценети како полесни.

**Предложено решение (опција):**
**Опција 2:** Да се донесе Закон за измена и дополнување на Законот за електронска трговија

**Опис:** Предлогот на Закон за измена и дополнување на Законот за електронска трговија содржи измена на постоечки одредби и дополнување со нови одредби со цел потполно усогласување со Директивата 2000/31/ЕЗ.

Во Глава 1 - Општите одредби во членот 3 се менува дефиницијата на поимот „давател на услуги“ согласно со забелешката на ЕК и со директивата и се додаваат уште две алинеи заради потполно усогласување со директивата.

Во оваа глава се додава нов член (6-а) со кој се утврдуваат условите кога можат да се превземат мерки за ограничување на слободата на давање на услуги на информатичко општество на даватели на услуги со седиште во земјите членки на Европската унија, кои нанесуваат или можат да нанесат штета, на барање на овластеното лице чии права се повредени.

Се предлага измена на алинеа 4 од став 1 на член 7 со што се врши усогласување со забелешките на ЕК.

Со ова се врши потполно усогласување со директивата во овој дел.

Се предлага нова глава IV –а која содржи одредби во врска со соработката и кодексот на добра пракса и додавање на нов член 20-а со кој се утврдува начинот на соработка со останатите земји членки на ЕУ и со Европската комисија и се поттикнува изработката на кодекс на добра пракса во областа на електронската трговија во согласност со директивата.

Предложените измени во делот на прекршочните одредби се во насока на унапредување на казнената политика. Со измените во членот 9 се врши рангирање на прекршоците и утврдување на соодветна висина на казна согласно со проценетата тежина на прекршоците. Со оглед на специфичноста на електронската трговија за изрекување санкции останува надлежен судот. При процена на тежината на  со тоа што

Предложените измени и дополнувања во членот 6-а (4), (5), (6), (7) и (8) и членот 20-а во Предлогот за донесување на закон за измена и дополнување на Законот на електронска трговија ќе стапат во сила со денот на пристапување на Република Македонија во ЕУ

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците

ДА

Трошоците се воглавно во однос на ангажирањето на постоечки човечки ресурси како контакт точка за информации и соработка во ефикасно извршување на сите активности во врска со обврските на контакт точката..

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Со воспоставување на контакт точки за информации и соработка, физичките и правни лица кои се даватели и корисници на услуги на информатичко општество ќе имаат можност на едноставен и брз начин без дополнителни трошоци да ги добијат потребните информации во однос на одвивањето на електронската трговија.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Поголема правна сигурност во одвивањето на електронската трговија

**3. Ризици и претпоставки**

/

**4. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз животната средина | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | **НЕ** | **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | **НЕ** | **НЕ** |

**Чекор 3: Консултации**
Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за правда, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество, министерство за транспорт и врски, Народна банка на РМ, Секретаријат за законодавство, Секретаријат за европски прашања и др.
.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со Предлогот на Законот за измена и дополнување на Законот за електронска трговија се врши потполно усогласување со Директивата 2000/31/ЕЗ на Европскиот паламент и на Советот од 08.06.2000 за одредени правни аспекти на услугите на информатичко општество, особено на електронската трговија.
Со предложените измени и дополнувања на постојните одредби од Законот за електронска трговија ќе се овозможи поголема правна сигурност при одвивањето на електронската трговија и унапредување на електронската трговија во пракса.
Предложените измени во делот на прекршочните одредби се во насока на унапредување на казнената политика преку рангирање на прекршоците и утврдување на соодветна висина на казна согласно со проценетата тежина на прекршоците.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Билјана Д.Стојановска,  Државен советник за трговија
Илир Шабани, пом. раководител на Сектор за меѓународна трговска соработка
т. 3093-491:
т/ 3093-506
е- mail  Biljana.d.stojanovska@economy.gov.mk
Ilir.sabani@economy.gov.mk

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Катерина Костеска, Државен секретар
тел.3093-404
е- mail:katerina.kosteska@economy.gov.mk
Билјана Д.Стојановска Државен советник за трговија
Илир Шабани пом. раководител на Сектор за меѓународна трговска соработка
Т.3093-491
т. 3093-506
е- mail  Biljana.d.stojanovska@economy.gov.mk
Ilir.sabani@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 06.11.2009<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | |

**Изјава од министерот**

**Јас, Фатмир Бесими** , изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
........................................................................................ Датум: .09..2010